Swedbank och Sparbankerna

# Сигурност во интернет-банкарството

За да може да се чувствувате сигурни кога ги вршите вашите банкарски работи по пат на интернет, користиме добропроверени сигурносни решенија. За да може да се гарантира дека токму вие се пријавувате во интернет-банката, ќе имате пристап до личен метод на идентификација, на пример, мобилна банкарска идентификација или сигурносниот уред.

Заедно, ние како банка и вие како клиент можеме да ги спречиме измамите на интернет.

Методите на идентификација што го користите за интернет-банкарство се лични документи. Секогаш заштитувајте ги шифрите и лозинките и не откривајте ги никому, дури ни на банката.

## За да го намалите ризикот од интернет-измами, може да го направите следното

– Секоја посета на интернет-банката да ја завршите со одјавување
– Редовно да ги ажурирате прелистувачот, Java-програмите и оперативниот систем
– Користете ажурирана антивирусна програма и заштитен ѕид
– Сменете ја лозинката на вашиот „домашен рутер“, така што да не биде стандардна лозинка на производувачот

### За да ги намалите ризиците од користењето на сигурносниот уред, можете да го направите следново

- Секогаш внимавајте контролниот број што го внесувате во сигурносниот уред:

- да почнува со 9 кога се пријавувате во интернет-банката со контролниот број и шифрата за одговор. Кога се пријавувате со еднократна шифра, контролниот број нема да биде прикажан;
- да се заснова на бројот на тековната или жиро-сметката што го внесувате кога регистрирате нов примател;
- да почнува со 0 кога треба да се одобри износ при трансфер или плаќање (ако износот не сто илјади, или поголем).

Не заборавете дека како клиент, банката никогаш нема да ви праќа е-пошта со којашто се бара од вас да дадете податоци за сметката, шифрите или да ја ажурирате или да преземете програми преку врска што се наоѓа во пораката. Ако не сте сигурни, не отворајте ги пораките или приложените датотеки што ги примате по пат на е-пошта.

### Повеќе информации за сигурноста

За вашата одговорност и одговорноста на банката прочитајте повеќе на swedbank.se/sakerhet или повикајте ја службата за работа со клиенти на следниот телефонски број 0771-97 75 12.

Доколку имате прашања за вашата антивирусна програма или заштитниот ѕид, контактирајте го вашиот доставувач.

1.07.0.2685